16

# РОДОВО БУЏЕТСКА ИЗЈАВА

## 1. Податоци за избраната Програма

**Име на програмата:**
Програма за финансиска поддрка во руралниот развој
Програма за ИПАРД

**Сектор (организациона единица) надлежен за спроведување на програмата:**
Сектор за рурален развој , Сектор ИПАРД, Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој-АФПЗРР.

**Вид на програмата**
Хоризонтална

**Како програмата е поврзана со Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020:**

Поврзана е преку родово разделена евиденција за искористеност на мерките во Програмата за рурален развој и ИПАРД Програмата преку Правилникот за поблиските критериуми за избор на корисници по мерките за рурален развој.

**Краток осврт на програмата:**

ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ И ИПАРД ПРОГРАМА-**кофинансирање**

Сакаме да се постигне :
- Економски јака жена во руралната средина со креирање на:
- конкурентно земјоделство и подобрени стандарди за производство на земјоделски производи,
- намалување на сиромаштијата-одржливо земјоделство и
- современо земјоделство со имплементирање со поддршка од ИТ софтвери и креирање на добри бази на податоци,
- Анализа на % на искористеност на програмата поодделно по мерки и детерминирање на мерките од програмата, каде жените може да искористат најголем % од финансиските средства.

## 2. Анализа на состојбата (објаснете кои се родово релевантните прашања во секторот/областа опфатен/а со програмата и кои фактори придонесуваат кон родова нееднаквост)

Дефинирањето на мерките на финансиска поддршка за земјоделството и руралниот развој за временски период од пет години, претставува повеќегодишно буџетско и стратешко планирање кое за прв пат се воведува во спроведувањето на земјоделската политика во Република Македонија за периодот 2013-2017 година. Покрај унапредување на процесот на планирањето на расходите за финансиската поддршка на земјоделските политики на административно ниво, програмирањето на мерките на поддршка истовремено обезбедува зголемување на извесноста во планирањето на приходите на земјоделските производители и следствено, донесување на соодветни деловни одлуки во однос на производство и инвестициите.

Системската правна основа со која се уредува планирањето на развојот на земјоделството и руралниот развој, целите на земјоделската политика, планирањето, следењето и проценката на националната земјоделска политика е **Законот за земјоделство и рурален развој**. Законот ги вклучува одредбите за поставување и спроведување на националните земјоделски политики во Република Македонија, пред се земјоделските политики на директна поддршка на земјоделството и руралниот развој, организација на пазарите со земјоделски производи и државната помош во земјоделството. Како институционален одговор на ефектите на светската економска криза со измените од 2010 година се обезбеди и можност за опционално воведување на пазарни интервенции, а беа нагласени и политиките на поддршка на здружувањето на земјоделските производители.

Целите на националната земјоделска политика на Република Македонија, кои согласно законот треба да бидат остварени преку мерките и политиките на уредување и поддршка на земјоделските пазари, директните плаќања и руралниот развој, се насочени кон:

- обезбедување на стабилно производство на квалитетна и поевтина храна и обезбедување на населението со доволни количини храна,
- зголемување на конкурентната способност на земјоделството,
- обезбедување на стабилно ниво на доход на земјоделското стопанство,
- одржлив развој на руралните подрачја, и
- оптимално искористување на природните ресурси со почитување на начелата за заштита на природата и животната средина.

Во насока на остварувањето на поставните цели, долгорочното планирање на националната земјоделска политика се остварува преку донесување на **Национална стратегија за земјоделството и руралниот развој за период од седум години** (член 6) како основен стратешки документ на земјоделската политика во Република Македонија.

Спроведувањето на Националната стратегија се реализира преку повеќегодишна **Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој** која се однесува за **период** од пет години и годишни програми за финансиска поддршка во земјоделството и финансиска поддршка на руралниот развој за спроведување на повеќегодишната национална програма.

Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој е плански и оперативен документ за спроведување на националната политика за земјоделство и рурален развој која ги поврзува стратешките документи на политиките, пред се Националната стратегија за земјоделството и руралниот развој и повеќегодишното буџетско планирање, со годишните оперативни програми и годишни уредби за спроведување на земјоделските и рурални политики.

Согласно членот 7 од законот, националната програма особено содржи:

- инструменти и мерки и активности за спроведување на мерките,
- временски распоред и рокови за спроведување, и
- индикативна финансиска рамка за нивно спроведување.

**Табела за податоци за родова еднаквост за Програмата за рурален развој 2015-2017**

| Назив на програма | Број на барања | | | | Број на одобрени барања | | | | Структура во проценти (%) | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | Правни лица | Вкупно | Мажи | Жени | Правни лица | Вкупно | % жени во вкупен број на барања | % жени во вкупен број на одобрени барања | % на одобрени во вкупен број барања на жени |
| Програма за рурален развој 2015 година | 11.810 | 2.579 | 403 | 14.792 | 8.630 | 1.976 | 496 | 11.102 | 17,4 | 17,8 | 76,6 |
| Програма за рурален развој 2016 година | 14.407 | 4.107 | 342 | 18.856 | 10.808 | 2.506 | 318 | 13.632 | 21,8 | 18,4 | 61,0 |
| Програма за рурален развој 2017 година | 10.972 | 2.674 | 318 | 13.964 | 10.197 | 2.346 | 220 | 12.763 | 19,1 | 18,4 | 87,7 |

*Извор: Агенција за финансиска подршка на земјоделството и руралниот развој-Скопје*

Во табелата се презентирани податоци во однос на родовата структура од

Програмата за рурален развој за период од три години 2015-2017 година. Според табелата, во 2016 година имало најголем број поднесени барања од жени (4.107), но и најголем број на одобрени барања за жени (2.506). Позитивен е аспектот кој покажува дека процентот на одобрени барања во вкупниот број на барања на жени расте и во 2017 година достигнува 87.7%. Процентот на жени во вкупниот број на барања исто така покажува пораст. Во 2016 и 2017 година е ист и изнесува 18.4%.

Врз основа на добиените податоци за искористеност на ИПАРД програмата состојбата е следна:

Имајќи го предвид повеќегодишниот карактер на ИПАРД Програмата, податоците за следење на ИПАРД кои Секторот за ИПАРД при Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство ги добива од Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој –Платежната Агенција се кумулативни и се однесуваат на сите години на спроведување на Програмата од нејзиниот почеток во 2009 па се до 2017 година. Од вкупно поднесени 2.493 барања, одобрени се 1.266 барања, од кои сите се исплатени, и тоа: на мажи 896 барања и на жени 370 барања, што всушност претставува 30% од вкупно одобрените и исплатени барања во корист на жените апликанти. Вкупно се исплатени 909.178.326 денари.

Табела за податоци за родова еднаквост за ИПАРД Програмата 2009 -2016

| Програми | Опис | Број на поднесени барања | | Број на одобрени барања | | Број на исплатени барања | | Исплатени барања (во денари) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | мажи | жени | мажи | жени | мажи | жени | мажи | жени |
| ИПАРД Програма I и II | По мерки | 2.493 | | 1.266 | | 896 | 370 | 909.178.326 | |

*Извор: Сектор за ИПАРД при МЗШВ*

Во ИПАРД Програмата има 3 (три) мерки, но само во една од нив се прави родова дистинкција помеѓу баратели. Тоа е мерката 101 „Инвестиции во земјоделски стопанства за нивно реструктуирање и достигнување на стандардите на заедницата". Родовата дистинкција се прави во корист на апликанти жени, и тоа: доколку апликантот е жена се добиваат повеќе бодови при одобрувањето на барањата. Исто така повеќе бодови се добиваат и доколку апликантот е млад земјоделец односно од 18 до 40 годишна возраст.

Анализа на заинтересирани страни во врска Програмата за Рурален развој со цел Унапредување на руралната жена:

Заинтересирани страни:

-Жена фармер од рурална средина

-Здруженија на рурални жени

-Локална самоуправа

-Центри за рурален развој во 8 (осум ) региони

-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

-Агенција за финансиска подршка на земјоделството и руралниот развој АФПЗРР
-Агенција за поттикнување на земјоделството и руралниот развој-Битола АПЗРР (агенција за советодавни услуги)
-Агенција за вработување
-Пензиско и инвалидско осигурување на Македонија ПИОМ
-Министерство за образование (школување на руралната жена)
-Министерство за култура (организирање на културни настани, манифестации и слично во руралните и земјоделски средини)

Креирање на мерки кои финансиски ќе ги поддржат жените во руралните средини ќе овозможат:
-анализа на состојбата на ресурси на жени по региони
-анализа по старосна структура (родова разделена евиденција),
-инвестиција за модернизација на земјоделски стопанства
-анализа која ќе покаже искористеност на веќе понудени финансиски средства по основ на сите програми понудени до крајните корисници.

## 3. Предложени интервенции (наведете ги интервенциите кои сметате дека ќе ги намалат родовите нееднаквости во секторот/областа)

Во Платежна Агенција (АФПЗРР) податоците треба да бидат:
-родово разделени,
-податоци кои ќе ја отсликаат старосната структура на жените и мажите по региони, по општини, по населени места, за апликантите и корисниците на поддршката од Програмите за финансиска поддршка.

## 4. Очекувани резултати од програмата (опишете низ кои практични чекори ќе ги постигнете резултатите кои ќе обезбедат подобри можности и за жените и за мажите во имплементацијата на програмата и како постигнувањето на тие резултати ќе помогне во унапредување на еднаквоста).

Зголемување на % на искористеност од целокупната програма за рурален развој од страна на носители на земјоделските стопанства кои се жени.

## 5. Аутпут индикатори

% на искористеност на Програмите
-зголемен број на жени фармери во руралните средини,
-зголемен број на жени корисници на финансиска поддршка.

## 6. Буџет на програмата/извор на средствата

Средствата за финансиска поддршка во земјоделството и на руралниот развој се обезбедени согласно, Буџетот на Република Македонија - Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој (Платежна Агенција) на вкупен износ од 8.432.500.000 денари за 2018 година, за рурален развој поконкретно 2.132.000.000 денари.

| во 000 денари | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| Програма за финансиска поддршка на руралниот развој | 1.057.000 | 204.512 | 2.045.100 | 2.045.100 | 2.247.243 |
| Програма за финансиска поддршка во земјоделството | 6.885.500 | 6.259.980 | 6.260.000 | 6.320.000 | 6.117.857 |

Работна група за родово
одговорно буџетирање

-Сашка Јовановска Вукелиќ, МЗШВ,
-Татјана Симовска-Новковска, МЗШВ,
-Жарко Ераковиќ, МЗШВ,
- Јулијана Огњановска, МЗШВ,
-Славица Михајловска, МЗШВ,
-Лидија Митева, МЗШВ ,
-Василка Тамбурковска, МЗШВ,
-Владимир Содиќ, МЗШВ ,
-Хадије Османи, АФПЗРР,
-Љупка Драгоманова, АФПЗРР

**МИНИСТЕР,**
**Љупчо Николовски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО * СКОПЈЕ *